INSTITUT FRANÇAIS SKOPJE

Скопје, 18-ти октомври 2016

Бр. 2016-76 0024

Почитуван Господине Декан,

Амбасадата на Франција и Францускиот институт во Скопје организираат Саем на студии во Франција кој ќе се одржи во четврток, 27-ми октомври 2016, во Националната и универзитетска библиотека во Скопје. Оваа манифестација им овозможува на француските универзитети да им ја презентираат својата богата програма на средношколците и студентите. Европскиот контекст ги поттикнува младите да внесат разновидност во нивното универзитетско образование, а Франција им нуди реална можност за истото.

Мобилноста на младите од оваа земја за студии во Франција останува приоритет на Амбасадата на Франција и одделот Кампус Франс при Францускиот Институт во Скопје. На саемот ќе бидат присутни *Алумни*, поранешни македонски студенти во Франција, стипендисти на француската влада, кои ќе го споделуваат своето искуство со посетителите.

Во таа прилика ќе го најавиме отворањето на платформата *Франс Алумни Македонија* која ќе им овозможи на поранешните македонски студенти во Франција да се приклучат на големата фамилија *Франс Алумни* од целиот свет.

Саемот свечено ќе биде отворен во 12:00 часот, во присуство на Н.Е.Г-дин Кристијан ТИМОНИЕ, амбасадор на Франција и Г-дин Пиштар ЛУТФИУ, Министер за образование и наука и ќе ни́ биде чест доколку Вие или претставник од вашиот факултет присуствувате на истиот, со цел да се отворат можности за развој на универзитетска соработка со Франција.

Би сакала да истакнам дека на саемот ќе бидат присутни претставници на Универзитетската агенција за франкофонија, во која што членува Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје што овозможува пристап до сите нејзини програми за поддршка на универзитетска соработка и мобилност.

Со почит,

Изабел МАРКИ-БАРБО
Директорка на Францускиот институт во Скопје

Isabelle MARCHI-BARBAUX
Directrice de
l'Institut français de Skopje

***Господин Иван ЧОРБЕВ***
***Декан на Факултетот за информатички науки***
***и компјутерско инженерство***
***Скопје***